Уп. бр. 08-58

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ (S.D.M. INTERNATIONAL) ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД со регистрирано седиште на Булевар Маршал Толбухин бр.38-7, Нов Белград, Република Србија, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 29.03.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ (S.D.M. INTERNATIONAL) ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД со регистрирано седиште на Булевар Маршал Толбухин бр.38-7, Нов Белград, Република Србија ќе стекне единствена контрола над Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје со регистрирано седиште на бул. 8-ми Септември бр.4-3/4, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купување на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.03.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), е доставено известување за концентрација од страна на СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ (S.D.M. INTERNATIONAL) ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД со регистрирано седиште на Булевар Маршал Толбухин бр.38-7, Нов Белград, Република Србија, со која СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД ќе стекне единствена контрола над Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје со

регистрирано седиште на бул. 8-ми Септември бр.4-3/4, Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- **СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД, Република Србија** е дел од групацијата на друштва МАКС БЕТ кои работат во земјите од регионот - Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија. Друштвата од групацијата МАКС БЕТ се занимаваат со приредување игри на среќа (во спортски обложувалници), приредување игри на среќа на автомати и приредување онлајн игри за обложување.

Групацијата МАКС БЕТ е присутна во Република Северна Македонија преку друштвото:

- **Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје** со регистрирано седиште на бул. 8-ми Септември бр.4-3/4, Скопје, Република Северна Македонија и се занимава со приредување игри на среќа во спортски обложувалници и приредување онлајн игри за обложување и приредување игри на среќа на автомати.

Предложената трансакција се однесува на стекнување на сите акции од страна на СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД, а со тоа и поединечна контрола врз Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДОО Скопје. СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД во моментов веќе врши заедничка контрола врз МАКС БЕТ ДОО Скопје, па оттука предметната трансакција претставува промена од заедничка во ексклузивна контрола врз друштвото МАКС БЕТ ДОО Скопје од страна на СДМ ИНТЕРНАЦИОНАЛ БЕЛГРАД-НОВ БЕЛГРАД.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**